АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12. 01. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 296 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга

3. **Датум на извршување на надзорот:** 12 јануари 2016 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор над Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга беше извршен на 25.11.2015 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да ја достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-1172 од 27.11.2015 година, по спроведен редовен административен надзор на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга.

6. **Констатации од надзорот:** На 12.01.2016 година Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга по електронски пат до Агенцијата достави снимка од објавата на податоците, од која е видно дека овој радиодифузер **ја исполнил во целост** обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***